Апстракт за работилница за

Првиот Конгрес на Психолози во РС Македонија во организација на Комората на психолози на РСМакедонијасо наслов

## СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО ПСИХОЛОГИЈАТА

## ЉУБОВТА...

Љубовта е едно од најмоќните комплексни искуства, кое вклучува промени во нашето тело преку физиолошките процеси, како и промените на невротрансмитерите. Таа го менува квалитетот на нашиот живот, влијае на нашите социјални релации на многу различни начини, на односите кои ги градиме со другите луѓе, како и сликата за себе. Љубовта е силен мотиватор, но и инхибитор за многу аспекти од човековото функционирање. Една од централните теми на уметноста.

Сите имаме различни очекувања кои почнуваат да се раѓаат во раното детство, па се градат низ целиот живот како надежи и дилеми за љубовта, среќата и болката. Концептот на љубовта почнува од семејството, од автентичните искуства, од историјата, уметноста, процесите на глобализација итн.

Целта на работилницата е да се доближат процесите на партнерската терапија низ автентично искуство. Да се доближат надежите и дилемите од љубовта, да се охрабри барањето на одговори.

Работилницата е посветена на партнерската психотерапија. Инспирирана од основите на наративната терапија, теориите за чувствената поврзаност, низ призмата на емоции фокусирана партнерска психотерапија (ЕФТ), напишана од срцето на писателот и видена со душата на уметникот.

**Водители;**

**Вида Гаврилоска Бубалова**; Психолог Европски сертификуван психотерапевт, тренер и супервизор.

**Габријела Бошков;** Психолог Европски сертификуван психотерапевт и тренер

**Деспина Стојановска;** Психолог, Семеен и Системски психотерапевт и тренер

**Натка Пачоска;** Специјалист по медицинска психологија, Европски сертификуван психотерапевт, тренер и супервизор.

**Ивана Јаневска;** дипломиран педагог (во улога на уметник)

**Институт за брак семејство и системска пракса „Алтернатива“**